| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Ран зеленчук |
| **Содржина на денот** | Топка и коцка |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Александра Балшиќевска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор и усвојување на навики за одржување на хигиената на просторот во кој престојуваме. |
| **Активности** | Активноста започнете ја со игри со коцки каде што заедно со Вашето дете ќе конструирате куќички со огради, улици, згради и сл. При воочувањето на она што е изградено најпрво ќе го задржите вниманието на коцката –именување и опишување на коцката, боја, форма, односно не може да се тркала и има 4 агли.<br>Потоа покажете му топка на Вашето дете – именувајте ја и опишувајте ја – боја, форма, односно топката е тркалезна, нема агли како коцката и може да се тркала.<br>На крајот конструктивниот материјал ќе го соберете во две кошнички, односно во една кошничка ќе ги ставите топките, а во другата коцките, на тој начин ќе го насочите детето кон препознавање на коцката и топката.<br>Активноста завршете ја со подвижната игра со топка „Фрлај високо" , така што ќе застанете еден спроти друг и на даден знак „Фрлај" детето ќе ви ја фрли , односно подаде топката , а потоа на даден знак „Фаќај" детето ќе ви ја подаде топката на Вас.<br>Играта ќе трае се додека детето има интерес. |